# Лето со ТРИ

## БЕЛЕТРИСТИКА




НОВИ НАСЛОВИ
ВИСОКИ ПОПУСТИ
ГОЛЕМИ ПОНУДИ
ДОЛГИ ЧИТАЧКИ ДЕНОВИ

Патувањето прво те остава без зборови, а потоа те претвора во раскажувач.

*Ибн Батута*



# Одмор со поглед на книги

## Лето со ТРИ

Ова лето имај го најубавиот поглед од прозорецот на својата душа.

Добрата страна на летото е што деновите се толку долги што имаме многу повеќе светлина за читање. А одличната страна на летото со ТРИ е што попустите се толку големи, понудите толку примамливи, а новитетите толку привлечни што сите овие месеци нема да се тргнеш од книгите!

Каде ли сè ќе се скриеш од жешкото сонце? Под сенката на новата неверојатна романса од Али Хејзелвуд или, пак, во мистериозните и морничави трилери на Ју Несбе и Стив Кавана?

Во овој каталог можеш да пронајдеш што и да ти се чита. Од најдоброто на современата светска белетристика, преку домашните автори, до врвните дела од класиката.

Секоја книга и секое лето се приказна за себе. Штом еднаш ќе научиш како да патуваш во книгите, никогаш повеќе нема да останеш во една точка. Тоа е и животот. Постојано откривање на нови убавини.







НАСКОРО

## НАЈЗАБАВНАТА СОВРЕМЕНА РОМАНСИЕРКА

Али Хејзелвуд веќе има своја голема читателска публика во светот и кај нас. „Љубов, теоретски“, исто како и претходните книги, има рејтинг од 403.103 читатели и над 50 000 осврти. Исто како и претходните одлични наслови, „Љубовна хипотеза“ и „Љубовни неврони“, и овој роман е номиниран за повеќе награди во областа на романсите. За нејзиниот успех зборуваат восхитените реакции од читачките платформи, но уште погласно насмевките на нашите читатели кога ќе побараат нов наслов од авторката. Совршено четиво за новата летна приказна што ја живееме! Во каква љубовна хемија ќе нè вовлече Али Хејзелвуд со нејзините нови ликови – дали станува збор за врска која од непријатели ќе создаде љубовници? Откриваме наскоро!

> ПОСАКУВАМ ДА МОЖЕШЕ ДА СЕ ГЛЕДАШ СЕБЕСИ СО МОИТЕ ОЧИ.







НАСКОРО

Несбе е еден од најпопуларните, а несомнено и најнеобичниот криминалистички автор токму поради несекојдневниот лик на Хари Хуле. Но со оваа книга, по „Специјалист за љубомора“ и „Кралството“, што се дела засебни од серијалот за необичниот детектив, тој уште еднаш ни докажува дека секое негово четиво е посебно мистериозно доживување.
Овој пат ви посакуваме добре дојде на Островот на стаорците, каде крвта се смрзнува во жилите. На овој остров има сè – од научници кои се обидуваат да го спасат животот на луѓето до сериски убијци. Поигрувајќи си со жанровите, Ју Несбе истражува што ја одредува и што ја движи судбината на човекот – прво како поединец, а потоа и како дел од заедницата. Има ли простор за љубов, сочувство и правда во екстремните услови при борба за опстанок? Познавајќи го по мајсторството во создавањето мрачна и возбудлива атмосфера, со нетрпение го чекаме објавувањето на овие приказни.

> ЖИВОТОТ ШТО ГО ЖИВЕЕШ Е НАПИШАН НА ТЕБЕ, ЗА ОНИЕ КОИ ЗНААТ ДА ЧИТААТ.



# Стив Кавана

*Мајстор за најнапнати трилери*




~~500~~ **450**

Се сеќавате ли на одличниот трилер „13“ од Стив Кавана? Приказната за поротникот што се покажа како еден од најсвирепите и најинтелигентните сериски убијци, долго време беше на врвот на најбарани трилери во ТРИ. Сега го читаме Кавана со една сосем поинаква приказна, но во никој случај не помалку возбудлива или мрачна. Долгонајавуваниот и очекуван наслов „Фифти-фифти“ е новата книга од овој автор што ни пристигнува во јуни! Навлегуваме во една неизвесна приказна за две сестри на кои им се суди за убиство на таткото. Меѓусебно се обвинуваат, но на која ќе ѝ верувате вие? Стив Кавана е мајстор за создавање атмосфера што ќе ве држи будни и по која најверојатно нема баш лесно да заспиете. Ќе жртвувате ли една непроспиена жешка летна ноќ за таков добар трилер?

„НАЈДОБРИОТ ТРИК НА ЃАВОЛОТ Е ШТО ГО УБЕДИ СВЕТОТ ДЕКА НЕ ПОСТОИ.“



Не се изгубени сите што талкаат.

*Толкин*









ВТОРО ИЗДАНИЕ

~~300~~ 250

**РУМЕНА БУЖАРОВСКА БЛЕСНУВА СО НОВА КНИГА – НЕВЕРОЈАТНА ЗБИРКА ЕСЕИ.**

Спомени, мириси, слобода. Отуѓеност, страв, стереотипи, пушки. Америка е синтеза. Точка на вриење. Почнувајќи од нејзиното најрано детство во Аризона и американските училишта, па сè до средби кои го менуваат животот, како онаа со Филис Роуз, и сите останати познанства, дури и оние кои не стигнале да се продлабочат.
Во овој свет во кој е невозможно да се остварат долготрајни пријателства, што пак создава друга болка – осаменоста, тешко е човек да се присетува. А камоли да напише длабоки есеи, кои не се само критика или лично видување туку се и вонвременски дневник кој бара соголување на душата. И на безмилосната стварност, токму како што и самата Америка некогаш нема милост.

> „АКО ВО РАСКАЗИТЕ БУЖАРОВСКА Е НЕНАДМИНЛИВА, ВО ЕСЕИТЕ Е – ПА, ГОСПОД!!“
>
> *Петар Андоновски*




~~280~~ 250

## Мојот маж

„Бужаровска никогаш не е цинична, зашто секогаш меѓу редовите ја открива битката што сите сме принудени да ја водиме со себеси.“
*Фалтер*

Во последната година, „Мојот маж“ се здоби со 10 македонско издание, превод на грчки и полски јазик, а шпанското издание беше промовирано во Буенос Аирес. Најпреведуваната македонска книга продолжува да го освојува светот!

## Не одам никаде

Кратки, прецизни и напнати, овие раскази се експлозија од емоции. Шокираат, растажуваат и вознемируваат, но знаат и да насмеат. Сложените проблеми не можат да имаат едноставни расплети, но можат да кријат зачеток за нивно разрешување.

„Бужаровска пишува од јасна перспектива. Најдоброто од Румена Бужаровска штотуку следува.“
*Беким Сејрановиќ*




~~350~~ 320




~~280~~ 250

## Осмица

Мозаик од портрети на различни ликови, пишувани од женска или од детска перспектива, фатени во грч, во миг на преиспитување и соочување со сопствените мани и проблеми. Румена Бужаровска прави процеп на стварноста и од неа ги извлекува сите интимни драми на секојдневието.

„Човек лесно би си помислил дека Румена Бужаровска е наследничка на Ани Ерно, решена да стане некој и нешто, иако веќе е она што посакува да биде.“
*Дубравка Угрешиќ*




# Лидија Димковска

**ЛИДИЈА ДИМКОВСКА: НАБЉУДУВАЧКА, ПАТНИЧКА, ЧИТАТЕЛКА. ТАКА СЕ ОПИШУВА ТАА НИЗ ТРИ ИМЕНКИ. А НИЕ БИ ДОДАЛЕ: ДОМ, СЛОБОДА, СОЗДАВАЧКА.**

„Единствен матичен број“ неодамна беше прогласен за Роман на годината за 2023 од Фондацијата „Славко Јаневски“. Сосем заслужено, со голема публика која целосно се согласува со оваа одлука.
Со неа го откриваме местото на домот, но и на пустелијата, за која таа толку искрено и без задршки зборува во наградениот роман.
Домот не треба да биде скривница, ниту засолниште, нѐ учи таа.
Ниту прибежиште, зашто во него не треба да си бегалец. Треба да си името, а не бројката од својот ЕМБГ. Не постои поголемо отфрлање од тоа да си гостин во сопствениот дом.
Заедно ја наоѓаме адресата на своето внатрешно живеалиште.
Која пустелија да се фати за да може одново да се изгради светот во себе?

> „СО ПОСЕДУВАЊЕ НА МОШНЕ РАЗВИЕНО ЧУВСТВО ЗА ДЕТАЉ, СО ИЗОСТРЕНА ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ВКУСОТ НА ВРЕМЕТО, СО УМЕШНОСТ ЗА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЛИКОВИТЕ, ВО РАЦЕТЕ НА ДИМКОВСКА ОПШТАТА ИДЕЈА НА ОТКОРНАТОСТА И ОБЕЗДОМЕНОСТА СЕ МАТЕРИЈАЛИЗИРА ВО КОНКРЕТНИ ЖИВОТНИ СУДБИНИ, КОИ ЈА НОСАТ ВО СЕБЕ СВОЈАТА НЕСОМНЕНА ЖИВОТНА УБЕДЛИВОСТ“

РОМАН НА ГОДИНАТА 2023
ФОНДАЦИЈА СЛАВКО ЈАНЕВСКИ
роман на годината




~~350~~ 290

**ОСВЕСТУВАЧКИ РОМАН ЗА НАШИОТ СВЕТ ШТО ЗАБОРАВИВМЕ ДА ГО САКАМЕ. ТРОГАТЕЛНА ПРИКАЗНА ЗА ОБЕСЧОВЕЧУВАЊЕТО НА ЧОВЕШТВОТО. РОМАН ПОТРАГА ПО УТОПИЈАТА НА ИДЕНТИТЕТОТ ПРЕКУ ДИСТОПИЈАТА НА ЖИВОТОТ.**



# *Горан Стефановски*

*Име без кое не може македонската современа уметност*




~~400~~ 350

**ГОРАН СТЕФАНОВСКИ НЕ САМО ШТО ГО ПРОМЕНИ ТЕКОТ НА КНИЖЕВНОСТА ВО 20 ВЕК ТУКУ И ПРЕДИЗВИКУВА ПРОМЕНИ КАЈ СЕКОГО ОД НАС**

Посветете се на македонската книжевност. Ова е уникатно издание на избрани есеистички текстови во форма на колумна, запис, беседа, јавно излагање и сеќавање, кои за прв пат се објавија заедно на македонски јазик, приредени од Иван Додовски.
Горан Стефановски, како пајак во својата мрежа, се претопуваше во своето писмо. За среќа, неговата пајажина е единствена и трајна. Денес и ние можеме да се вклопиме во неа и таму да ја најдеме својата смисла. Горан Стефановски овие есеи ги пишувал и ги објавувал во распон од цели три децении. Сега сите тие години и мисли ги имаме во една книга без рок на траење!

„ПРИКАЗНИТЕ НА СТЕФАНОВСКИ СЕ ПРАШАЊЕ НА ОПСТАНОК.“

*Иван Додовски*

250




Да го поткрепиме овој дом во срцето на секој македонски читател и со најинтимното чувство, преку писмото што Горан Стефановски ѝ го напиша на својата внука Калина. „Писмо до внуката“, со инспиративните зборови откинати од душата на дедото, за децата ќе бидат патоказ кон новиот свет.

Неговите драми нека ни се одигруваат во срцето, кое е толку широка театарска сцена во која секој чин носи нови ветришта.
Онака како што пиесите не се пишуваат туку се прават, така и големите луѓе не се создаваат, тие се раѓаат.

200




320





# Венко Андоновски

*Најголемото име на македонската современа книжевност*




~~450~~ 380

## ДЕЛА НА МАЕСТРАЛЕН РАСКАЖУВАЧ И ФАСЦИНАНТЕН УМ

Расказите „Фрески и гротески“ и романот „Азбука за непослушните“ се првите дела со кои Венко Андоновски го свртe вниманието на македонската јавност. Неповторливи авторски преданија, приказни, митови... Раскази за отсуството, како што ги нарекува самиот автор.
Сега ги читаме во ново, обединето издание. Патот што го изоди Венко Андоновски досега, од анонимност до меѓународно признание, немаше да се случи ако не постоеја овие две книги, од кои како од јајце, ab ovo, излезе цела една прозна вселена. А што сѐ крие таа вселена? Не може да се претпостави. Вистинско мајсторство на длабоката книжевност.

> „БЕЗ СОМНЕНИЕ, АНДОНОВСКИ МОЖЕ ДА СЕ НАРЕЧЕ ГЕНИЈ, ЖИВ КЛАСИК И КНИЖЕВЕН ЏИН, А РОМАНОТ [ПАПОКОТ НА СВЕТОТ] МОЖЕ ДА СЕ СПОРЕДУВА СО ДЕЛАТА НА УМБЕРТО ЕКО И МИЛАН КУНДЕРА.“




~~380~~ 320

## Папокот на светлината

„Папокот на светлината“ излезе од печат на 1 декември 2022 година и оттогаш стана најбараниот и најзборуваниот наслов низ сите книжарници и низ македонските читателски разговори. Романот што го чекавме 20 години ги надмина сите очекувања. Се здоби со меѓународната Толстоева награда „Јасна Полјана“, со наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело за 2022 година, влезе во најтесниот круг за избор на Роман на годината и беше најпродавана книга во нашите книжарници во 2023 година.




~~360~~ 280




~~380~~ 290




~~350~~ 250




~~350~~ 270




~~340~~ 250



# Винка Сaздова

*Пресвртот во домашната книжевност*




~~300~~ 250




~~250~~ 199




~~250~~ 199




~~250~~ 199




~~250~~ 199

**КНИГИТЕ НА ВИНКА САЗДОВА СЕ КАКО ОБЛАЦИ. ДОДЕКА ГИ ЧИТАШ НАТЕЖНУВААТ ОД ЧУВСТВА, А ПО ЧИТАЊЕТО СЕ ПРАЗНИШ**

Чудно е. Како едновремено се полниш и празниш. Како на истото место се губиш и пронаоѓаш. Изгуби се. Пронајди се. Танцувај со зборовите на Винка Саздова. Уште со првиот роман остави неизбришлива трага, а денес е една од најпрепознатливите македонски авторки. Со психолошки изнијансираните ликови во „Вилино“, Винка Саздова го потврдува своето раскажувачко мајсторство. Префинета симболика, очудувачки детали, прекогниции, соништа, сеизмографски треперења на душата. И роман-терапија: ведриот женски лик на Вили од идиличното Вилино, спротивставено на градот како дувло на страстите и осаменоста.

> ПОНЕКОГАШ ЗБОРОТ Е ПОСИЛЕН ОД ВИСТИНАТА.



*Македонскиот книжевен великан*

# Петре М. Андреевски




~~350~~ 260




~~200~~ 160




~~350~~ 280

**НЕГОВОТО ИМЕ СЕ СЛАВИ И ЌЕ СЕ СЛАВИ. КОЈ СÈ УШТЕ НЕ ГИ ЗАПОЗНАЛ ДЕНИЦИЈА, НЕБЕСКА, ЈОН ИЛИ ВЕЛИКА, КОЈ СÈ УШТЕ НЕ ПРОБАЛ ДА ИСКОРНЕ ПИРЕЈ И НЕ СИ КАЖАЛ: ОВА Е МОЈАТА ЗЕМЈА – ТОЈ НЕ ГО ОСОЗНАЛ СТОЛБОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА И ПРОЗА**

Оваа година се навршуваат 90 години од раѓањето на еден од омилените автори на сите генерации. Во „Деницијa“ се запишани несомено едни од најубавите македонски стихови, а „Кога ја љубев Деницијa“ е една од највеличествените песни за љубовта. Објавена уште во 1968 година, таа ни докажува дека времето не им може ништо на вистинските вредности. И кога се чини дека сè е поприсутно од неговото отсуство, треба да ги отвориме книгите и да се сетиме дека некои луѓе едноставно никогаш не заминуваат.

> СО НАСМЕВКА МОЖЕШ НАЈЛЕСНО ДА МУ СЕ ДОБЛИЖИШ НЕКОМУ. НАСМЕВКАТА ЈА БРИШЕ СЕКОЈА ДАЛЕЧИНА МЕЃУ ЛУЃЕТО.



Понекогаш треба да изминеш долг пат за да најдеш нешто што ти било пред очи.

Пауло Коељо




~~500~~ 399

## Бони Гармус
### Лекции по хемија

Зошто „Лекции по хемија“ привлече толку внимание на светската книжевна сцена и толку многу читатели крена на нозе?
Пред сѐ, зашто е бестрашна книга која и во трагичните животни ситуации носи надеж. Бони Гармус ги вади розовите очила и го гледа светот реално и храбро. Ликовите ги гради на хартија како да се од крв и месо. Со многу мани, но и доблести.
Не е случајно што беше избрана за најдобра книга на „Амазон“ за 2022 г. и за најдобар роман на „Гудридс“.
Со својот остар ум, авторката ни ги предава лекциите по хемија како да се лекции за животот.



Една од најхрабрите авторки




~~450~~ 360

## Мамен Санчез
### Среќа е да пијам чај со тебе

Атикус Крафтсмен, млад британски џентлмен кој работи во семејната издавачка куќа и голем љубител на чајот ерл греј, е задолжен да отпатува во Мадрид за да го згасне тамошното непрофитабилно списание. Неговата редакција ја сочинуваат пет многу сложни жени, кои се подготвени на сѐ само за да не останат без работните места. Кога Атикус необјасниво ќе исчезне во темната внатрешност на Шпанија, сомнението паѓа токму врз нив.
Што ќе се случи во разврската? Внимавај – овој роман може да ти изврши длабоко влијание ако имаш песимистички поглед на реалноста!



Беспрекорна за заплети



Хемичарката која експериментира со романсите

## Али Хејзелвуд
### **Љубовни неврони**

Олив Смит и Адам Карлсен се најгугланите ликови во последниве две години. Можете да ги најдете секаде. Ете, толку се популарни, а за тоа придонесува и нивната уникатност. Малиот експеримент на лажна двојка завршува мошне успешно – со двајца лудо вљубени. Но дали Хејзелвуд им предвиде среќен крај, дознаваме дури на последните страници. „Љубовна хипотеза“ во 2021 г. беше прогласена за најдобра романса според Амазон, а беше номинирана и за Гудридс чојс авардс. Вревата што се крена за оваа книга е неоспорно оправдана, а Али Хејзелвуд веќе нè израдува со нова романса.




~~500~~ 380




~~500~~ 350




~~500~~ 320

## Барбара О’Нил
### **Кога верувавме во сирени**

Барбара О’Нил ги обожава псевдонимите. Сака да си поигрува со читателите, а и со нашите емоции, зашто преку зборовите може да те однесе низ различни емотивни бури. По читањето на оваа нејзина книга, нема да излезеш истиот човек.
Срцето може буквално да боли, не метафорично – од тежината на спомент, копнежот и бесот.
Соочи се со трагичната судбина на Џоузи за која се веруваше дека е убиена. Но сета насобрана тага прераснува во збунетост и гнев во мигот кога сестра ѝ ја здогледува на телевизија. Тајните што долго време биле закопани испливуваат на брегот, каде што ги чека нова бура. Можно ли е да е жива?



Пријателка на сите вљубеници во тајните



Најпознатата авторка на романтични сплетки

## Теса Бејли
### **Фатени во љубовна мрежа**

„Се случи едно лето“ беше летниот хит за 2022 г. и откритие за секој љубител на романсите, но ајде да откриеме што ќе ни се случи оваа пролет! Во чија љубов ќе се вљубиме? Теса Бејли може да ги реши сите проблеми на нејзините главни вљубени ликови, но тоа не оди толку лесно. Дали е загарантиран среќниот крај? Откријте во најдобрата романса според Тик-ток. Приказната за сестрите Белинџер има одлични оценки на читачките платформи. Буклист за „Се случи едно лето“ веќе ја назначи Теса Бејли како освојувач на врвот на романсите. Запознајте ги Пајпер и Брендан – толку спротивни што се совршена комбинација за исто толку добра приказна.




~~500~~ 380




~~500~~ 350




~~500~~ 299

## Иви Данмор
### **Покорувајќи го војводата**

Пред големата љубов потклекнува дури и тврдокорниот војвода. Инспирирана од магичниот пејзаж на Оксфорд и од страста за романтика, жените пионери и викторијанската ера, Иви Данмор ни нуди историска фикција која ги разгорува сите сетила. Два лика – еднакво непоколебливи и одлучни – жена која се бори за своите права и студениот војвода од Монтгомери. Иви Данмор го доловува духот на ерата запознавајќи нè со група извонредни жени. Ако си една од нив, или ако сакаш да се вљубиш во една од нив, ова е вистинската книга за тебе.



Современиот глас на жената и нејзината моќ



Новото книжевно откритие за 2022 година

## Миранда Каули Хелер

### Хартиената палата

„Хартиената палата“ се појави на светските топ-листи во 2021 година и оттогаш постојано е меѓу најбараните книги. Миранда Каули Хелер се одвојува од другите автори по својата писателска цел, која не е обична амбиција. Со своето искрено пишување сака на читателите да им постави прашања што се позначајни од самите одговори. Пронајди ги во оваа животна приказна чиј заплет може да му се случи секому. Судбоносните одлуки се носат во еден миг. Исто како што и оваа книга се чита во еден здив.






Француската миленичка на публиката

## Ањес Мартен-Лиган

### Среќните луѓе читаат и пијат кафе

Француската модерна романсиерка

Сопруга, мајка и сопственичка на кафе-книжарницата „Среќните луѓе читаат и пијат кафе“ во Париз, се чини дека таа има совршен живот. Но кога ненадејно ќе ги изгуби саканиот сопруг и ќерката, одеднаш сè застанува.
Изгубена во спомените и во болката, таа повеќе не знае како да живее... Ќе го надвладее ли стравот од губење и напуштање, ќе пронајде ли нова љубов? Пред тешки животни дилеми, се чини дека целиот свет молчи. Ќе го најдеме ли одговорот?




> „ТРЕБА ДА НАУЧИМЕ ДА ГО САКАМЕ ЖИВОТОТ И КОГА БАРА ОД НАС ПОВТОРНО ДА ГО ИЗГРАДИМЕ ОНА ШТО БИЛО УРНАТО ДО ТЕМЕЛ.“

# СКАЛЕСТ ПОПУСТ

## 5 + книги – 10 %

## 10 + книги – 15 %



# Елиф Шафак

*Ненадминатата турска авторка со западен сензибилитет*






~~450~~ **360**

**ЕЛИФ ШАФАК, ЕДЕН ОД НАЈМОЌНИТЕ ЖЕНСКИ ГЛАСОВИ НА СВЕТСКАТА СЦЕНА, ЗБОРУВА ЗА СИТЕ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПОДЕМОТ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И АВТОРИТАРИЗМОТ НИЗ СВЕТОТ, СТАНУВАЈЌИ НА ТОЈ НАЧИН ГЛАС НА НЕЧУЕНИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ.**

„Тоа што не се искажува со зборови може да се сфати само со молк.“ Токму така, Шафак остава без зборови. Ќе те остави и тебе во тишина со своите мисли полни мудрости извлечени од нејзините книги. Тие се задолжителна лектира за сите вљубеници во книжевноста, животот, зборот. Безвременски и трогателни приказни што смело ги расветлуваат разликите и ја откриваат убавина што се крие во нив. Ненадминлива авторка која доследно ги бележи нештата што нѐ прават различни, а таа во себе ги носи оние што нѐ прават уметници.




~~450~~ **340**




~~400~~ **320**




~~450~~ **340**

> ТОА ШТО НЕ СЕ ИСКАЖУВА СО ЗБОРОВИ МОЖЕ ДА СЕ СФАТИ САМО СО МОЛК.

# Мод Анкауа






~~450~~ **380**

**ВИСТИНСКИ КЛУЧ ЗА СРЕЌА!**

Маел, директорка за финансии во успешна развојна фирма, живее забрзан живот што се сведува на одење на работа и повремени задоволства. Нејзините соништа... зар таа има време за нив? Во тој строго испланиран живот нема место за мечти, сѐ до денот кога нејзината најдобра пријателка, Романа, ќе ја замоли за голема услуга.
Маел е пред најважниот тест, но сепак прифаќа и оди на патување во далечниот Непал. Искачувањето кон врвовите на Анапурна, на хималајскиот венец, ќе се претвори во вистинско духовно патување. Кога младата жена ќе сфати дека реалноста можеби не е онаква каква што ја замислувала, започнува нејзиното лично преиспитување. Во текот на возбудливите искуства и средби, Маел ќе си го промени животот од корен. Дали ќе успее да ја спаси и својата пријателка?

> СПРИЈАТЕЛИ СЕ СО СЕБЕСИ И ВЕЌЕ НИКОГАШ НЕМА ДА СЕ ПЛАШИШ ОД ОСАМЕНОСТА.



# Рафаела Жордано

*Кога инспирацијата би имала лик*




~~340~~ **280**




~~450~~ **225**

**НАЈПОЗИТИВНАТА КНИГА ШТО НЕКОГАШ ЌЕ ЈА ПРОЧИТАТЕ!**

Овој роман упорно му пркоси на времето и сè повеќе се зацврстува на списокот меѓу најбараните книги. Позитивна приказна од чии страници ќе излезете насмеани. Несомнено е зошто им е толку драга на сите наши читатели – зашто ја враќа вербата во животот. Исто како и самиот наслов, по читањето ќе започне твојот втор живот.
Рафаела Жордано е писателка, сликарка и тренер за креативност. Затоа нејзините книги, меѓу кои се „Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден“ и „Продавница за животни промени“, ги имаат сите светли бои што ти се потребни во животот.

> ВО БОРБАТА МЕЃУ ПОТОКОТ И КАРПАТА, СЕКОГАШ ПОБЕДУВА ПОТОКОТ. СУШТИНАТА НЕ Е ВО СИЛАТА, ТУКУ ВО ИСТРАЈНОСТА.



# Елена Феранте

*Сè може да се претвори во приказна*




~~450~~ **380**

**„Лажливиот живот на возрасните“ е уште една неаполска приказна за преминот од детството во светот на возрасните,** со која Елена Феранте се потврдува како редок бисер на современата книжевност. Секако, сагата за двете пријателки во нејзините претходни книги е исто така дел од статистиката на најмногу допрени срца на нашите читатели.
Длабоко понирајќи во ликовите, Феранте со вешта рака нè води низ нивните судбини и алтер ега. А чие лице крие таа зад себе, сè уште не е растајнето – и ова лето, Елена Феранте за нас останува најголемата книжевна енигма.




~~600~~ **450** | ~~600~~ **450** | ~~600~~ **450**

> ДА ПИШУВАШ ЗНАЧИ ДА СОЗДАДЕШ НЕШТО ШТО ЌЕ ТЕ НАДЖИВЕЕ.




~~500~~ 350

## Сали Руни
### Прекрасен свету, каде си

Својот прв роман Руни го напишала на 15 години и оттогаш нејзините идеи се незапирливи. Таа денес е една од најпознатите светски авторки. Актуелна е со „Нормални луѓе“, книга според која се сними серија што младите ја обожаваат. „Прекрасен свету, каде си“ со рејтингот од 388.173 и наградата за најчитана книга според „Гудридс“ за 2021 г. само го докажуваат нејзиниот успех.
Како што ја нарекуваат младите, „Селинџер за снепчет-генерацијата“, Сали Руни се чини дека ќе ја одбележи и деценијата со своите извонредни дела. Нејзината книга е олицетворение на нашата реалност претставена преку четворица млади луѓе кои се бораат со тешкотиите на ова време.



Најдрагата романсиерка на современите читатели




~~500~~ 299

## Казуо Ишигуро
### Клара и сонцето

Во 2017 г. извонредниот Казуо Ишигуро ја доби Нобеловата награда за литература. „Клара и сонцето“ е првата книга што ја објави по нејзиното добивање, роман што веднаш ги освои срцата на читателите. Зошто? Зашто дава одговори на вечните прашања и стравови што лежат во нас. Една од најтоплите препораки за читање што ќе ги добиете на нашиот штанд. Не заборавајте ги и „Никогаш не оставај ме“ и „На крајот од денот“ – потресната приказна со дистописки призвук и маестралниот роман за вистинските вредности и за смислата и суштината на човековата срека.



Дистописките глас на надежта




~~450~~ 320




~~380~~ 250







~~500~~ 399




~~500~~ 360

**Кирка е главната хероина на која никој не може да ѝ застане на патот.** Дури и ако противникот е посилен од неа.
Со оваа митолошка приказна Мадлин Милер ни нуди животни лекции чии универзални правила важеле и во светот на боговите, а важат и денес. Меѓу нив, и борбеноста и бестрашноста.
Милер влегува во битка со времето. Се враќа векови назад, во нестварниот свет во кој важат законите на стварноста. Војувај и ти со времето во обид да го запреш за да ги прочиташ овие книги во еден здив.

> „ВОЛШЕБНА ПРИКАЗНА! ВО МИТСКИОТ СВЕТ ПОЛН СО БОГОВИ, ЧУДОВИШТА И НИМФИ, ДЛАБОКО ВО СЕБЕ, ГЛАВНАТА ХЕРОИНА Е ИСТА КАКО СЕКОЈ ОД НАС.“




## Кристи Лефтери
### Пчеларот од Алепо

Моќна приказна за триумфот на човековиот дух. Топлиот сириски ветар, измешан со благото брмчење на пчелите, ќе ве однесе среде бура на отворено море и ќе ви ги отвори патиштата во потрага по подобра иднина.
За да произведат килограм мед, пчелите прелетуваат толку километри колку што се поминуваат ако трипати се обиколи светот. Колку километри ќе поминат луѓето кои бегаат од разурнатото родно место за да си обезбедат еден грам среќа?



Најдрагата романсиерка на современите читатели




## Итаф Рам
### Жената не е маж

Раскажувајќи за традицијата и честа, оваа книга е интимен поглед во строгиот и затворен свет на арапската жена, за замолчувањето и срамот среде општоприфатената покорност. „Човек мора да ја дочита приказната докрај за да ги дознае одговорите“, вели Итаф Рам.
Откријте ги одговорите на најважните животни прашања читајќи ја оваа несекојдневна исповед. А она што ќе го впиете од неа секогаш имајте го на ум – земајќи ја сопствената судбина во свои раце.



Непокорен дух од жена борец













**СРЦЕТО Е КОМПАС. КОЈА СТРАНА И ДА ТИ ЈА ПОКАЖЕ, ЗНАЈ ДЕКА ТАА Е ПРАВИЛНАТА. ПАТОКАЗ И ВОДИЧ Е, ТОКМУ КАКО И КНИГИТЕ НА ПАУЛО КОЕЛЈО**

Запали го огнот во срцето триејќи го прстот од страниците на најпрекрасните книги. Потоа, повикај ги сите блиски луѓе да се стоплат од пламенот што искри. Кога и да почувствуваш дека спласнува, време е за нова книга – за да го распламти.
„Алхемичарот“ е една од најпознатите книги за мудроста, со над 115 светски и значајни награди, преведена на 80 јазици, продадена во над 150 милиони примероци, со гордост го носи епитетот модерна класика. „Единаесет минути“ и „Вероника реши да умре“ се исто така две ремек-дела од авторот.

> „НИКОЈ НЕ УСПЕАЛ ДА ПОБЕГНЕ ОД СВОЕТО СРЦЕ. ЗАТОА Е ПОДОБРО ДА СЕ СЛУША ШТО КАЖУВА.“



## Тошиказу Кавагучи



## Харуки Мураками

*Јапонскиот крал на магичниот реализам*




340 280




340 280

**ШТО АКО НАВИСТИНА ПОСТОИ МЕСТО ВО КОЕ МОЖЕМЕ ДА СЕ ВРАТИМЕ ВО ВРЕМЕТО? ЕДНАШ СЕ УВЕРИВМЕ ДЕКА ИМА, А СЕГА ПОВТОРНО ВЛЕГУВАМЕ НИЗ НЕОБИЧНАТА ВРАТА ШТО НÈ НОСИ ДО УШТЕ ПОНЕОБИЧНОТО МЕСТО КОЕ Е ВРЕМЕНСКА МАШИНА**

Ајде да видиме со какви сè приказни ќе се сретнеме овој пат, за да ја откриеме на крајот суштината – да го живееме секој миг како да нема да се повтори никогаш повеќе.Тошиказу Кавагучи одново нè потсетува зошто е еден од најпознатите автори на денешницата!

> „ДУРИ И КОГА ВО СЕГАШНОСТА НИШТО НЕ Е ПРОМЕНЕТО, ЛУЃЕТО СЕ МЕНУВААТ. ОНИЕ КОИ ПАТУВААТ ВО МИНАТОТО, ВО СЕГАШНОСТА СЕ ВРАЌААТ СО ПОИНАКВО СРЦЕ.“




650 450




500 380




500 380




320 240

**ВАКВОТО УМЕШНО РАСКАЖУВАЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЛИЧНОТО „ЛУДИЛО“ МОЖЕ ДА СЕ РАЗБЕРЕ ИСКЛУЧИВО СО ЧИТАЊЕ НА НЕГОВИТЕ ДЕЛА**

Времето и просторот во нив се надвор од логиката, и можеби токму во тоа лежи најголемата привлечност за читателите. Содржината што се менува и излегува од контекстот на реалноста каква што ја познаваме е карактеристика на неговиот препознатлив стил. Обичните ситуации ги украсува со невозможни дејства, прави пресврт на најневобичаени места и создава мост помеѓу двата брега – реалноста и фикцијата. Неговите книги секогаш се изненадување. Никогаш не знаеш што може да те очекува на следната страница! Провери и воодушеви се.

> „ОТКАКО ЌЕ ИЗЛЕЗЕШ ОД БУРАТА, ВЕЌЕ НИКОГАШ НЕМА ДА СИ ИСТАТА ЛИЧНОСТ КОЈА ВЛЕГЛА ВО НЕА. ТОКМУ ВО ТОА Е СУШТИНАТА НА БУРАТА.“




~~320~~ 260

## Карстен Хен
## Човекот кој шета книги

Жанрот наменет за книгољупците, книги за книги или „feel good“ романите во 2023 беа во топ 5 најчитани жанрови во светот. Оваа книга им припаѓа и на двата, а по своето објавување во превод од германски јазик веднаш се најде на полиците на секој страстен книгољубец. Ако и ти си меѓу нив, а уште ја немаш прочитано, сега е време да впловиш во оваа прекрасна топла приказна што ќе ти го згрее срцето засекогаш, не само за оваа читачка сезона. Запознај го Карл Колхоф, кој секоја вечер им ги носи книгите во домовите на најверните читатели.



Омилениот германски автор на книгољупците

> „МНОГУ ЧЕСТО ВО ХАРТИЈАТА СЕ КРИЕ ЛЕКОТ. ПОНЕКОГАШ ДУРИ И ЗА НЕШТА ЗА КОИ ЧОВЕК НЕ НИ ЗНАЕ ДЕКА МУ ТРЕБА ЛЕК.“




~~340~~ 270

## Сосуке Нацукава
## Мачорот што ги спаси книгите

Слично како „Човекот кој шета книги“, овој роман е вистински дар за книгољупците, но и за секој човек комушто му треба враќање на надежта. Бестселерот на Нацукава е една од најчитаните и најбараните книги во последните години, препорачувана и од критичарите и од читателите. Оваа книга е уште еден доказ за тоа дека магичниот реализам, особено на Јапонците кои толку добро ги оживуваат мачорите и волшебните патувања, е совршено решение за бегање од реалноста, за да ѝ се вратиме на крајот освежени, со нова верба во животот.



Јапонецот што умее да зборува со мачки

> Рајот отсекогаш го замислував како библиотека.
>
> *Хорхе Луис Борхес*



# Ју Несбе

*Скандинавскиот крал на детективскиот трилер*



Хари Хуле 13




~~600~~ 499

**НОВ РОМАН ОД КРАЛОТ НА ДЕТЕКТИВСКАТА ПРОЗА.**

„Крвава месечина“ е 13. роман од серијалот за Хари Хуле. Внимавај во што ќе се впуштиш!
Овој е најкрвавиот трилер од најпознатиот скандинавски автор. Во овој роман го наоѓаме Хари Хуле во безизлезна ситуација, кога е на самото дно. Во претходната книга изгуби сè, дури и љубовта на својот живот.
Скршен, разочаран, решен конечно да се повлече од светот. Но сепак се враќа... и го решава случајот за да ѝ помогне на една киднапирана жена и заради почитување на законот. Зашто во срцето сè уште е младиот бунтовник и вљубеник во правдата.
Која е жената што се обидува да ја спаси Хари Хуле во највозбудливиот дел од приказната за неодоливиот детектив?

> СОМНЕЖОТ Е СЕНКА НА ВЕРБАТА.

Хари Хуле 1




~~500~~ 399

Хари Хуле 2




~~500~~ 399




~~450~~ 380

**Животот на Хари Хуле е необичен**, полн со недостатоци и многу лични распади. Но и покрај сите проблеми, тој никогаш не нè разочарува и секогаш ги решава случаите, без разлика за колку умешен сериски убиец станува збор. Одделението за крвни деликти во Осло не може да се замисли без него, ниту, пак, нашата домашна библиотека во одделот за крими-романи.

**Ју Несбе е еден од најпродаваните норвешки автори.** Денес тој се смета за водечко име на криминалистички романи и трилери во Европа, за автор кој го збогати криминалистичкиот жанр. Неговите книги се продадени во повеќе од 50 милиони примероци низ светот.

Хари Хуле 3




~~500~~ 420

Хари Хуле 4




Наскоро

Хари Хуле 5




~~500~~ 380

Хари Хуле 6




Наскоро

Хари Хуле 7




~~500~~ 380

Хари Хуле 8




~~500~~ 380

Хари Хуле 9




~~500~~ 380

Хари Хуле 10




~~500~~ 380

Хари Хуле 11




~~500~~ 380

Хари Хуле 12




~~500~~ 380



Следниот Стивен Кинг

## К. Џ. Тјудор

## Девојките што горат

К. Џ. Тјудор се прослави со својот одличен трилер „Човек од креда“, инспириран од мрачните тајни во делата на Стивен Кинг, но и од еден морничав случај во едно од малите гратчиња во кои често престојува. „Девојките што горат“ е трилер сместен во едно такво селце кое крие тегобни тајни што се протегаат длабоко во времето.
Пред 500 години во него на клада биле изгорени осум протестантски маченици. Пред 30 години без трага исчезнале две тинејџерки. А пред два месеца се самоубил капеланот. Ако си бестрашен, откриј ја вистината. Но и тогаш мораш да бидеш внимателен!




~~500~~ 350




~~500~~ 350

## Карен Мекквешчен

## Детето на месечевата светлина

Магијата на Карен Мекквешчен е во тоа да создаде морничава приказна и да ги освои љубителите на трилери, но и читателите кои обожаваат белетристика. Таа е вистинска романсиерка што има пронајдено неверојатен стил со кој го задржува љубопитството на читателот. Но истовремено ги проблематизира темите на човечката чесност и добрина, сложените односи меѓу луѓето и невидливите нишки што ги поврзуваат и неизбежно ги упатуваат еден кон друг.
Приказна што ќе те воодушеви со тоа колку еден роман може да биде слоевит.



Повеќеслојната авторка на трилери



Британската полицајка раскажува

## Клер Мекинтош

## Заложници

Книгите на Клер Мекинтош се преведени на околу 35 јазици и се продадени во над два милиона примерока. Несомнено нејзините добри заплети потекнуваат од работното искуство – таа во 2011 г. ја напушта полицијата по 12 години поминати во силите на редот и законот и почнува да работи како писателка.
Од нејзиното искуство произлегуваат неверојатните хипнотизирачки трилери, токму каков што е и клаустрофобичниот „Заложници“. Ќе спасиш ли многу непознати животи или само еден – на човекот кој ти значи најмногу? Најди го одговорот читајќи ја оваа книга!




~~500~~ 350




~~500~~ 350

## Алиса Кол

## Кога никој не гледа

Речиси веднаш по објавувањето, „Кога никој не гледа“ стана бестселер на „Њујорк тајмс“ и „Уса тудеј“. Овој трилер на Алиса Кол е еден од најбараните во светот за 2022 г. и сè уште го држи своето место на светските топ-листи на трилери. Нè носи во Бруклин, во маалото што прекуноќ почнува да се менува. Раскинувана од болка поради пропаднатиот брак и смртта на мајка си, измачувана од тајните што ги носи во себе, Синди Грин тргнува во истражување со новиот сосед Тео. Но ако сакаат да преживеат среде заканувачите настани, тие прво мора да се научат да си веруваат.



Американската експериментаторка со стилот

# Шари Лапена

*Остра како жилет*






~~400~~ 290




~~400~~ 200

**ПРЕСВРТИТЕ ШТО ГИ СОЗДАВА ОВАА АВТОРКА СЕ СЛУЧУВААТ СО БРЗИНА НА ВРТЕЊЕ НА СТРАНИЦИТЕ.**

Дури и по откривањето на убиецот и разрешувањето на мистеријата, остануваате заглавени во светот на Шари Лапена. Нејзиниот прв трилер „Двојката од соседството“ (2016) стана глобален бестселер и најпродавано дело според „Њујорк тајмс“. По овој наслов следуваа уште неколку со кои направи бум во крими-литературата и мистеријата. Рејтинзите на „Некој што го знаеме“ и „Несаканиот гостин“ постојано растат на читачките платформи. Атмосферата, тивките предградија во северниот дел на Њујорк, начинот на кој се изградени ликовите, толку проникливо што не знаеме кон кого да го впериме прстот – сите тие нешта се дел од нејзиното мајсторство.

> „СИТЕ НОСИМЕ МАСКИ. СЕКОЈ ОД НАС ИМА ТАЈНИ КОИ ГИ ЧУВА САМО ЗА СЕБЕСИ.“




~~500~~ 400

## Стиг Ларсон
### Девојката со тетоважа на змеј

Стиг Ларсон со почетокот на својата возбудлива трилогија! Вистински ќе ве размрда – ќе ве возбуди и ќе ви ги изостри сетилата. Детективска приказна, семејна драма, финансиски интриги и омраза, оваа книга ќе ви ја обои ноќта во мистерија. Досега оваа трилогија се продаде во над 20 милиони примероци, што го направи Ларсон еден од најпродаваните автори на планетата. Зачинет со сензибилитетот на скандинавското поднебје, овој роман ќе биде најдоброто нешто што ви се случило во вашиот оддел трилери од домашната библиотека.



Омилениот криминалистички автор




~~450~~ 360

## Стив Кавана
### 13

Судење за убиството на векот. Еден бескрупулозен обвинител, еден млад брилијантен бранител, славен обвинет што крие „срамна“ тајна, и сериски убиец кој седи во поротата... Ладнокрвниот Џошуа Кејн убива и заради задоволството да гледа дека за убиството ќе биде осуден невин човек, додека тој самиот седи во поротата! Но енегичниот адвокат Еди Флин, некогашен уличен измамник, на крајот успева да го разоткрие.
Напнат праввен трилер полн со неочекувани пресврти кој не смее да се пропушти!



Автор на страшно добри приказни



Секој кој живее во некакви граници, страда од недостиг на имагинација.

*Оскар Вајлд*



# Фјодор М. Достоевски






750

**ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ И НАЈДЛАБОКИ РОМАНСИЕРИ НА СВЕТОТ**

Последното и најдоброто дело на Фјодор М. Достоевски е едно од врвните достигнувања во светската литература. Конечно на наште и ваши полици, во еднотомно издание – „Браќата Карамазови“. Раскошна филозофска расправа која покренува низа етички проблеми за природата на Бог, слободата на волјата, правдата и етичноста. Вистинска драма за моралните борби околу верата и сомнежот, разумот и емоциите, разбирањето и осудувањето. Проникнат со алчност и љубомора, љубов и страдање, тага и душевна благородност, овој роман е истовремено и теолошка и психолошка расправа. За Ниче, Достоевски е најдобриот психолог од кого научил многу за животот.
Највредниот трансисториски бестселер за природата на доброто и злото, како што го нарече Венко Андоновски, е задолжителна книга за сечија библиотека, сечие срце и разум.

„БЕСТСЕЛЕР ШТО НЕ ПЛАМНУВА КАКО СЛАМА, ТУКУ ТОПЛИ СО ТИВКА И ТРАЈНА, ВЕЧНА ЖАР.“

*Венко Андоновски*







НАСКОРО

**МИСЛИТЕЛОТ ШТО СОВРШЕНО ГИ ОБЛИКУВАШЕ МУДРОСТИТЕ ВО СТИХОВИ**

„Она што го бараш, те бара тебе.“
Ако вчера бевме разумни и сакавме да го смениме светот, денес сме мудри и решивме да се промениме себеси. Ете, така изгледа кога човек ги применува пишаните правила на човековата душа запишани во „Големата црвена книга“. За прв пат ќе ги читаме во еднотомно издание трите дела од оваа необична ода на пријателството и љубовта, книга проникната со вековна мудрост. Воедно, го славиме и последниот превод на еден од најзначајните домашни книжевни преведувачи, професорот Драги Михајловски.
Чекајќи го објавувањето на оваа збирка, во исчекување сме на уште едно цело сонце во срцевата галаксија. Извор на вечна светлина, на мудрост и поетска беспрекорност, Руми е несомнено еден од најдобрите поети на светот. Ненадминлив, лиричен и длабок колку океан.

„ДУХОВНА РИЗНИЦА ЗА ЦЕЛОТО ЧОВЕШТВО. ИЗВОР НА НАЈПРЕКРАСНИТЕ МЕТАФОРИ ШТО ЌЕ ВЕ ПОТТИКНАТ ДА СЕ ЧУВСТВУВАТЕ КАКО ДА СТЕ КАЧЕНИ НА СРПЕСТАТА МЕСЕЧИНА И ОТТАМУ ДА ГИ ЧИТАТЕ ОВИЕ БИСЕРИ.“







~~550~~
480

„Силмарилион“ е еден од најраскошните светови во историјата на фантазијата, митолошки канон што Толкин го создавал целиот свој живот. Тоа е збирка од восхитувачки историски записи проткаени со приказни за создавањето, за љубовта и предавството, за пријателството и моќта.
Оваа книга ја раскажува приказната за старите дни, за првата доба, кога во Средна Земја живеел Моргот, првиот господар на темнината, а елфите од висок род војувале против него за да ги вратат Силмарилите, скапоцености кои ја содржеле чистата светлина на Валинор.

„СÈ ШТО ТРЕБА ДА ОДЛУЧИМЕ Е ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ СО ВРЕМЕТО ШТО НИ Е ПРЕДОДРЕДЕНО.“



Еден од најраскошните светски романсиери

## Шандор Мараи
### Вистинскиот




~~400~~ 350

Петер и Илонка се богат пар чиј навидум совршен брак е уништен од тајни. Несигурната Илонка верува дека никогаш не може да биде доволно префинета за својот сопруг, а Петер се измачува со забранетата љубов кон Јудит, селанка и слугинка во неговиот дом од детството. Јудит, пак, копнее по слобода од стегите на општеството што ги заробува сите тројца во вител на љубов и загуба. Оваа извонредна приказна, која се одвива во Унгарија меѓу двете светски војни, во свет на драматични промени, е уште еден доказ за брилијантноста на Мараи.

> „НЕ Е ТОЧНО ДЕКА СУДБИНАТА ТИВКО СЕ ПРОТНУВА ВО НАШИТЕ ЖИВОТИ. ТАА ВЛЕГУВА КОГА НИЕ ЌЕ ЈА ПОКАНИМЕ НИЗ ВРАТАТА ШТО ЌЕ Ѝ ЈА ОТВОРИМЕ."



Трагачот по совршен парфем и совршена приказна

## Патрик Зискинд
### Парфем




~~350~~ 280

Фантастично четиво кое со децении читателите го вбројуваат во најдобрите книги што некогаш ги прочитале. Бидете и вие дел од нив. Приказна која открива што се случува во умот на еден човек кој слепо ја следи својата безумна страст, која му ги затапува сите други сетила.
Патрик Зискинд е човекот кој докажува дека страста кон пишувањето може да создаде ремек-дело. Трилерот кој досега е продаден во над 20 милиони примероци е класика на современата германска книжевност.







~~380~~ 320




~~380~~ 290

Досега Фондацијата беше безбедна, благодарение на скриената Втора Фондација основана заради нејзина заштита. Барем така си мислевме. Но каков би бил светот без противници?

Со појавата на мутантот Мула, започнува и продолжението на најдобрата научнофантастична сага на сите времиња. Каде е крајот на галаксијата? Или можеби навистина е бескрајна. Токму како и имагинацијата на Исак Асимов, кој создава уште едно ремек-дело во научната фантастика.

> „СЕКОЈА КНИГА ШТО ВРЕДИ ДА СЕ ЗАБРАНИ Е КНИГА ШТО ВРЕДИ ДА СЕ ПРОЧИТА."



Водач на современата мисла и извонреден интелектуалец

## Олдус Хаксли
### Прекрасен нов свет




300

Во футуристичкиот свет на Хаксли луѓето се создаваат во лаборатории, секој со однапред предодредена функција и класа. А изолирано од нив живеат нормалните, преостанатите дивјаци. Кога прекрасните нови луѓе ќе дојдат во допир со еден дивјак, започнува вистинското соочување со стварноста.
Дистописката визија на Хаксли нè соочува со заканите пред кои е исправено човештвото, со надеж дека ќе нè освести пред нивната можна опасност.
Дали ни се заканува свет составен од бесчувствени луѓе кои личат на машини и се грижат само за социјалната стабилност и опстанокот?

> „МАГИЈАТА Е ВО ОНА ШТО ГО КАЖУВА КНИГАТА, ВО НАЧИНОТ НА КОЈ ГИ СПОЈУВА ПАРЧИЊАТА КОСМОС ВО ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛИНА.“



Неповторливо име во светската книжевност

## Реј Бредбери
### Фаренхајт 451




250

Романот антиутопија „Фаренхајт 451“ е слика на едно тоталитарно општество во кое луѓето се затворени во своите огноотпорни домови и никогаш не разговараат за она што го мислат и чувствуваат. Обземени се од своите интерактивни телевизори-ѕидови кои им го окупираат целото внимание и не им оставаат време за размислување. Но една мала опозиционерска група сака да го спаси духовното богатство на човештвото и секој нејзин член знае наизуст понекоја книга, за да им ја пренесе на идните поколенија. Кон нив се приклучува и Монтег, преобратениот пожарникар, кој ќе стане сведок на уништувањето на навидум сигурното и „идеално“ општество...




250

## Фјодор Михајлович Достоевски
### Записи од подземјето



Рускиот ненадминат познавач на човековата душа

Најреволуционерната книга на Достоевски, еден од првите егзистенцијалистички романи во историјата на светската литература. Четиво што го означува преминот на книжевноста од XIX во XX век, приказна за визиите на поединците што ги уништува општеството.
„Записи од подземјето“ ни ги нуди белешките на еден гневен, изолиран човек, поранешен чиновник кој се повлекува од светот. Во него соделствуваат два спротивставени комплекса – инфериорност и супериорност. Зашто иако е социјално отфрлен и сиромашен, во духовен и интелектуален поглед стои над другите. Проникнати со сурова искреност и горчлив презир, неговите записи се бунтовен напад на социјалниот утопизам и потврда на ирационалната човекова природа.




250

## Албер Ками
### Странецот



Неповторливо име во светската книжевност

Едно утро Мерсо добива телеграма со известување за смртта на мајка си. Не само што таа вест ја прима ладнокрвно, туку утредента заминува на плажа со Марија, девојка кон која не чувствува ништо посебно. Без да се насети некаква емоција во неговиот карактер, Мерсо најпосле, без премислување, заслепен од летната жештина, убива човек. Зошто Мерсо е туѓинец и дали вреди потрагата која ја води по суштината? Одговорот е во мајсторството на Албер Ками, кој преку психолошкото соголување на неговиот лик, создава ремек-дело на светската книжевност и еден од најзначајните романи на 20 век.



Бунтовниот портретист на аристократското општество

## Оскар Вајлд
## Сликата на Доријан Греј




300

Восхитен од својот штотуку насликан портрет, Доријан Греј си ја нуди душата во замена за вечна младост и убавина. Сакајќи да ги вкуси сите плодови на животот, тој тајно им се препушта на ниските страсти, додека пред очите на високото општество останува џентлмен достоен за восхит. Само портретот ги носи трагите од неговите гревови.
„Сликата на Доријан Греј“ е еден од најсубверзивните романи на XIX век и еден од најактуелните во нарцистичкиот XXI век.



Генијален познавач на човечката душа

## Ерих Марија Ремарк
## На запад ништо ново




250

„На запад ништо ново“ е најпопуларниот и најпреведуван воен роман на сите времиња. Не можеле да го замолчат ниту прогонството на Ремарк од татковината ниту горењето на неговите книги. Бил и останува сведок на разорните последици што војувањето ги носи врз личната и колективната болка и судбина.
Оваа книга е жестока осуда на ужасите на војната. Обид да престанат или барем да се ублажат нејзините трауми, повик да не се повтори никогаш. Надежна приказна што зрачи со љубов и грижа за човештвото. Секој војник останува жив благодарејќи на илјадници случајности.

> „Секој кој живее во некакви граници, страда од недостиг на имагинација.“

## Херман Хесе
## Сидарта




250



Нобеловецот во потрага по духовно исполнување

Нобеловецот Хесе е синтеза на различни филозофии – источните религии, Јунговите архетипови, западниот индивидуализам и една неповторлива творечка мисла – сите обединети во единствена визија за животот изразена преку еден лик во потрага по вистината. Со оваа книга тој во наследство не ни остава само класика туку и непресушна мудрост за смислата на постоењето. Сидарта успева да се извлече од желбите и потрагата и достигнува духовно исполнување кое до ден-денес инспирира, воодушевува и влијае врз безброј генерации мислители, читатели, писатели и обични гости на овој свет.

> „Среќни сме само тогаш кога не бараме ништо од утрешниот ден, а на денешниот сме му благодарни за она што ни го носи.“




250

## Морис Леблан
## Авантурите на Арсен Лупен, крадецот џентлмен



Најдобриот авантурист на XX век

Арсен Лупен е самоуверен крадец, Шерлок Холмс во светот на криминалот. Авантурите на маестралниот крадец прераснуваат во сложени, детално разработени планови и претставуваат приказни што им претходат на кинематографските остварувања какво што е „Единаесеттемина на Оушн“, а се инспирација и за серијата „Лупен“ продуцирана од Нетфликс.



*Џорџ Орвел*

*Колку и да ја одрекуваш вистината, таа постои.*




~~450~~ 350

**ЏОРЏ ОРВЕЛ ИМАЛ ХРАБРОСТ ДА ЗАСТАНЕ ОЧИ ВО ОЧИ СО ОПШТЕСТВОТО.**

Дури е застрашувачки колку визионерски ја напишал својата „1984“ или колку немилосрдно го осудил општеството во алегоријата „Животинска фарма“ и колку имал право со сето тоа. Класикот на критичката мисла отворено и без трошка патос секогаш ги изнесува вистините, дури и во својата автобиографија. Тој ни нуди живописен приказ на двата града со отрезнувачки вистини за ужасната стварност – ужасна затоа што е сосема реална. „Никој и ништо во Париз и Лондон“ е веродостоен сведок и значаен социјален документ за сиромаштијата што го угнетува народот. Но тој истовремено прераснува и во беспоштедна критика кон власта која не презема ништо за нејзино решавање.




~~199~~ 160




300

„МОЖЕБИ НА ЧОВЕК НЕ МУ Е ТОЛКУ ПОТРЕБНО ДА БИДЕ САКАН КОЛКУ ДА БИДЕ СФАТЕН.“

*Безвременски – незасегнати од времето. Книги кои секогаш одново и одново се читаат, класици со причина кои не се само патоказ во литературата, туку и во постоењето.*




~~790~~ 540




~~199~~ 150




~~350~~ 270




~~350~~ 270




~~350~~ 280

Го гледам сонцето, но и ако не го гледам, знам дека постои. А ако знаеш дека сонцето постои – тоа е веќе цел еден живот.

*Фјодор М. Достоевски*





# Виолета Танчева-Златева




~~300~~ 270

## Бела Сама

„Бела Сама" е потресен роман за растењето во кој поларизацијата мајка – ќерка, внука – тетка, сопруг – брат, град – село, добро – зло, дете – возрасен, уметност – реалност, љубов – омраза, тело – душа, живот – смрт на автентичен начин се огледува во судбината на Бела Самакоска. Ранлива и повредена, Бела наоѓа сили за живот единствено во сопствениот уметнички талент што нахранет со уметничкото наследство од мајка си, блеснува како жар-птица од пепелта на сегашноста.

*Лидија Димковска*




~~200~~ 150

~~200~~ 150

~~250~~ 199

~~200~~ 150



Неповторлив и обожаван




~~300~~ **250**

## Игор Цамбазов

Страници исполнети со фасцинантно, забавно четиво полно со хумор, куп комични пресврти и неверојатни ситуации, пикантерии, интриги и најмногу од сѐ – искреност. И сето тоа зачинето со неповторливиот, за Игор толку препознатлив, стил на раскажување. Толку добро Цамбазов нѐ води низ случките од детството и младоста што ќе сакате уште. Ликови чии вистински имиња ќе сакате да ги дознаете, случки кои ќе ве заскоткаат, урнебесни ситуации на кои од срце ќе се смеете – секоја страница е мини ремек-дело!




~~350~~ **250**




~~399~~ **290**




~~400~~ **320**



Новинарка и истражувачка на современоста која сите ја познаваме

## Ана Јовковска
### Емотивен талог

Ана Јовковска неодамна ни понуди збирка прозни записи што несвесно ни недостигала. Зошто мислиме така? Затоа што по самото објавување веднаш стана популарна. Приказните од женската кујна, како што се наречени во поднасловот, веќе се докажан рецепт за вкусна проза. Уште од своето објавување на „Емотивен талог“ ја освои пошироката публика и наскоро го доживеа и своето второ издание.




~~350~~ **299**




~~300~~ **220**

## Јагода Михајловска-Георгиева
### Манастир Фуентерабија

Што спие во ќелиите на душите? Кога Тој и Таа се сретнуваат, заедничка им е само длабоката празнина во себе. Преку неа се препознаваат крај Океанот. И тогаш се случува она по кое сите трагаме. Одговори на вечните прашања и скротување на копнежот што гребе во сечија душа. Оваа книга ја доби наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело објавено во 2017 година. А Јагода Михајловска-Георгиева е закитена и со многу други награди. Со својата раскажувачка магија, таа е неизбежна авторка за секој македонски читател.



Авторка на повеќеслојноста во литературата




~~250~~ **199**

## Милена Сиљаноска
### Ронлива

„Ронлива“ е поетски роман кој протекува преку внатрешниот шепот на главниот лик. Еден громогласно тивок глас се шири како ехо низ страниците. Текстурата на оваа книга е нежна, но изгравирана со длабоки гребнатини од остар предмет, по тело кое длабоко чувствува, кожа со засеци наполнети со густ и монохромен колорит.



Нов поетски глас во прозата




~~250~~ **199**

## Ана Аврамовска
### Водни тела

Безимената протагонистка и писателка во сенка од Сиднеј се враќа во родното Куманово, но наместо во градот од спомените доаѓа во сиво место задушено во смог. Како носителка на богатата македонска традиција, баба ѝ ѝ открива дека во Куманово некогаш постоела речна плажа. И така главната хероина се впушта кон откривање на личните приказни и легендите, кон сувото речно корито, заедно со другарите од детството. Барајќи го изворот на водата, тие несвесно си го бараат својот извор.



Пријателка на самовилите



Неисцрпниот автор со раскошен опус

## Митко Мацунков
### Времето пред приказната




~~790~~ 550

Неисцрпен и раскошен – тоа е вистинскиот опис на раскажувачкиот опус на Митко Мацуков. Со неговата нова книга 2022 г. добива ново значење за домашната книжевност. Ова е ново ремек-дело и на ниво на светската литература. Како што го нарекува Венко Андоновски: „Генијален роман кој нема збор вишок или кусок. Ако 'Приказна за трите града' ги содржи како опал кугла сите идни дела на Мацунков, ова е архиопал куглата која ја содржи и таа мала опал-кугла што ги содржи сите негови дела! Навистина импресивно, остава без зборови. Ќе ми треба време да се соземам."

„АКО НЕМАШ ШТО ДА КАЖЕШ, И АКО СМЕТАШ ДЕКА СЕКОЈ КАЖАН ЗБОР МОЖЕ ДА БИДЕ УПОТРЕБЕН ПРОТИВ ТЕБЕ КАКО ВО СУДСКИТЕ ПРОЦЕСИ, ТОГАШ МОЛЧИ."



Проследувач на транзицијата – на општеството и на душата

## Ивица Челиковиќ
### Туѓинци и браќа




~~250~~ 199

„Туѓинци и браќа" е психолошки роман за трауматичното минато на двајца браќа кои поголемиот дел од животот го поминале без да знаат еден за друг. Роман за лавиринтите во човековата душа, во простор колку препознатлив толку и непознат, во кој судбините летнуваат како исплашени птици, а се враќаат најчесто како грабливки за да исчезнат повторно низ пукнатнини на животната неизвесност.

# Нова едиција
# НАШИТЕ ПРИКАЗНИ
## читаме во еден глас

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Креативна Европа







НАСКОРО

**ГОЛЕМО *ДА* ЗА ГРАФИЧКИТЕ НОВЕЛИ И ДЛАБОКИТЕ ПРИКАЗНИ ШТО СЕ НАВИДУМ ТОЛКУ ЕДНОСТАВНИ**

Летото е за промени. Знаете ли какво освежување е читањето на графичките новели? Ќе се чувствувате како да гледате филм. Со какви необични ликови ќе нè запознае Пако Рока, откриваме наскоро. Во оваа книга сè е многу забавно, но и неизбежно нè тера на размислување. И тоа, длабоко размислување. За животот. Како да го искористиме целосно? Дали среќата си ја создаваме сами или треба да ја бараме надвор од себе?
Сликите оживуваат, а приказните, пак, почнуваат цел нов живот во вашите срца. Овој нов живот што ни го создаде Пако Рока е поинаков.

> ТАМУ СТАРЕЕЊЕТО НЕ Е САМО ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА МИНАТОТО, ТУКУ И ЗА ЖИВЕЕЊЕ СО ПОЛНО СРЦЕ.

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Креативна Европа







НАСКОРО

**НОВ ДИСТОПИСКИ КНИЖЕВЕН ГЛАС**

Живопис со дистописки призвук, роман со исклучителен стил. Хелен Буковски во својот дебитантски роман ни раскажува што значи да се биде мајка на крајот на светот, за живеењето со влијанијата од промените што го уништуваат светот, отсликувајќи ги сите внатрешни борби што ги води секој поединец. Наскоро ова лето ќе го читаме овој мошне необичен германски роман што во светот предизвика живи реакции и восхитеност за Буковски. Летото е секогаш резервирано за орвелски теми. Кога надвор е пеколно жешко, ни треба роман што ќе ни ги оладни главите. За да можеме појасно да размислуваме.

> МОЖЕБИ НА СВЕТОТ МУ СЕ ЗАКАНУВА НЕКАКОВ КРАЈ, НО НЕ И НА ЧОВЕЧКАТА ИМАГИНАЦИЈА.

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Креативна Европа

# Катрин Мерис






НАСКОРО

### ЉУБОВ КОН СЕБЕСИ И КОН СÈ ШТО НÈ ОПКРУЖУВА

Уште една графичка новела што на ова лето ќе му даде нова боја! Запознајте едно необично девојче низ графиките и цртежите на оваа француска книга која ќе ве одведе до една фарма на село. Со хумор и нежност, авторката ќе ве запознае со дефиницијата за рајот на секое дете, одново ќе ве поврзе со природата и нејзините најверни пријатели и сојузници – уметноста и литературата што секогаш се стремат да ја зачуваат и да ги направат повидливи нејзините убавини. Ова лето патувајте со детската имагинација, зашто не постои понадежно место од умот на едно дете што фантазира за слобода.

> „Сети се дека ти ѝ припаѓаш на природата, а не таа тебе."

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Креативна Европа

# Татјана Цибуљак






НАСКОРО

### НОВ, НЕЖЕН ГЛАС НА ЕМОТИВНОСТА

Кога ќе го прочитате ова дело летово, ќе си речете: да, оваа е таа книга. Зошто? Затоа што зборува за сите суштински работи што го прават животот вреден за живеење, за поврзувањето со луѓето кои по дефиниција треба да ни бидат блиски, за себепронаоѓањето...

Длабока, емотивна приказна што го следи животот на една мајка која решава последното лето од својот живот да го помине во едно француско село, заедно со својот отуѓен син.

Не плашете се од болеста, таа е толку споредна во оваа книга. Напротив, сите што го имаат прочитано овој роман во него најдоа надеж и светлина. Одговори на многу животни прашања. Поуки како да го живееме секој миг и како во денешниот ден да го најдеме зачетокот на новото утре. Неверојатно емотивна!

> „Секаде каде што има светлина, мора да има и сенка."

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Креативна Европа




Венко Андоновски повторно ни приреди Азбука за најмалите. Овој пат една соооосем поинаква азбука што има боја и вкус. Жолтото е кисело, црвеното е слатко. А оваа сликовница е сите вкусови измешани во еден. Ајде на нова Стела и Сани авантура. Многу поразлична од минатите, но не и помалку забавна!




500




~~300~~ 250

Цртеж по цртеж, буква по буква, приказна по приказна ги учиме сите букви од азбуката. Ако ве интересира како уште од најстаро време настанале буквите, оваа книга е за вас и вашето дете. Учењето може да биде многу забавно – со вистинската книга в раце.




~~250~~ 200 · ~~250~~ 200 · ~~250~~ 200 · ~~250~~ 200 · ~~250~~ 200




~~200~~ 160



















## Јагода Михајловска-Георгиева
## Ѕвездена џунгла

Ве привлекуваат ли таинствени откритија? Заинтересирани ли сте за неверојатни дружби? Би се впуштиле ли во фантастични, забавни, волшебни, но... хммм, понекогаш и опасни случки? Ако одговоривте потврдно, подготвени сте за патување низ чудната и чудесна Ѕвездена џунгла!




## Винка Саздова
## Ти носам пустински песок

Се викаат Стела и Сани, а меѓу себе Јасти и Тијас. Родени се на ист ден, во иста година, во ист час. Исти им се и имињата. Ѕвездени. Живеат во исто маало, учат во исто одделение, исти нешта ги интересираат. Изгледа дека ништо не би можело да ги раздели, па сепак... Ќе се смени ли нешто меѓу нив?




## Венко Андоновски
## Имаш пчела на носот

СТЕЛА: Обвинета сум за хакирање на целата документација во гимназијата. Сите оценки се избришани. Нема шанси да докажам дека не бев јас. Вљубена сум во еден, а тој во онаа што ја избриша документацијата, и нема шанси да ме засака. Како да излезам од ова? САНИ: Ме претепаа пред зградата на Наде, само затоа што ја сакам. Ми ја скршија и гитарата, а не е моја. Ме обвинија дека сиркам на физичко во женската соблекувална. А јас само сакав да ја сретнам Наде. Исти души, исти гајлиња.




~~300~~ 250

Запознај ги двајцата суперхерои Јас и Ти и придружи им се во нивната авантура. Тие не патуваат низ светот, но одат на едно многу потајно и поневеројатно место. Во срцето на едно дете. Сосем исто како твоето! Подготви се да станеш суперхерој! Ти веќе имаш супермоќи, но со оваа прекрасна сликовница само ќе научиш како да ги препознаваш.




~~690~~ 450




~~190~~ 150




~~340~~ 270




~~900~~ 350




~~280~~ 199




~~350~~ 250




~~280~~ 140




~~250~~ 125




~~340~~ 170




~~340~~ 170




~~350~~ 99




~~500~~ 250




~~400~~ 280




~~400~~ 200




~~400~~ 200

# СЛЕДИ НÈ – НОВА ПОНУДА СЕКОЈА НЕДЕЛА

# 3 КНИГИ ЗА 500 ДЕНАРИ

# 5 КНИГИ ЗА 500 ДЕНАРИ





# РАСПРОДАЖБА: КНИГИ ЗА 99 ДЕНАРИ!



# ЗА ДОЛГО ЧИТАЧКО ЛЕТО!



САКАМ КНИГИ




~~420~~ 366




~~440~~ 352




~~490~~ 392




~~420~~ 336




~~420~~ 336




~~420~~ 336




~~450~~ 360




~~350~~ 280




~~450~~ 360




~~450~~ 360




~~450~~ 360




~~450~~ 360




~~420~~ 336




~~490~~ 392




~~490~~ 392




~~250~~ 200




~~230~~ 184




~~320~~ 256

Publishing
EDUKA MAK




~~570~~ 456




~~600~~ 480




~~420~~ 336




~~360~~ 288




~~460~~ 368




~~460~~ 368




~~350~~ 280

АНТОЛОГ




~~300~~ 240

БАТА ПРЕС




~~600~~ 480

ИЛИ ИЛИ




~~420~~ 336




~~300~~ 240




~~250~~ 200




~~480~~ 384




~~300~~ 240




~~299~~ 239




~~420~~ 336




~~280~~ 224




~~450~~ 360




~~330~~ 264




~~399~~ 319

МАКЕДОНИКА литера




~~250~~ 200




~~150~~ 120




~~200~~ 160




~~300~~ 240




~~250~~ 200




~~400~~ 320




~~250~~ 200

сите наслови
на **Бегемот**
се на
**20 %** попуст




600 480




700 560




600 480




500 400




600 480




300 240




300 240




400 320

**Издавачки центар ТРИ**
02 3245 622
tri@kniga.mk

**Книжарници**
knizarnica@kniga.com.mk

**ГТЦ прв кат**
02 3238 722

**Дебар Маало**
02 6142 989

**Веро Центар**
071 358 861

**Ист гејт**
070 288 148

KNIGA.MK
секој има книжарница дома